Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/2002) и член 75 став 3 од од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово“ бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008, 20/2010, 20/19 и 47/21), а во врска со член 28 став 5 од Законот за заштита и благосостојба на животните (“Службен Весник на Република Македонија” бр.149/2014, 149/2015 и 53/2016), Советот на општина Берово, на 27-та седница одржана на ден 23.03.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за субвенционирање на 100 % од трошоците за стерилизација на 30 женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2023 година

Член 1

Општина Берово ќе врши субвенционирање на 100% од трошоците, но не повеќе од 3.000,00 денари *(три илјади денари)* по куче, за стерилизација на 30 (триесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово, во текот на 2023 година.

Со оваа Одлука се утврдуваат компонентите, корисниците, критериумите и постапката за спроведување.

Член 2

Субвенцијата се состои од:

• Покривање на 100% од трошоците но не повеќе од 3.000,00 денари *(три илјади денари)* по куче, кои лицето - сопственик на женка-куче ги има направено за стерилизација на истото.

Член 3

Општина Берово на својата веб страна ќе објави јавен повик за субвенционирање на 100% од трошоците, но не повеќе од 3.000,00 денари *(три илјади денари)* по куче, за стерилизација на 30 (триесет) женки-кучиња на територијата на општина Берово во текот на 2023 година.

Јавниот повик ќе трае до 31.10.2023 или до исполнување на квотата од 30 (триесет) уредни и комплетни Барања за субвенционирање, во зависност од тоа што попрво ќе истече или ќе се исполни.

Член 4

Доколку на повикот се пријават повеќе од 30 (триесет) лица кои ги исполнуваат условите за субвенцинирање, Комисијата ќе го примени принципот “прв дојден- прв услужен”, односно правото ќе го остварат првите 30 (триесет) лица, чии Барања за субвенционирање ќе бидат навремени и кои во целост ги исполнуваат условите од повикот.

Член 5

Субвенционирањето од средствата на Буџетот на општина Берово ќе можат да го користат сопственици на женки кучиња кои во рок од 30 (триесет) дена од извршената стерилизација на кучето, до Општина Берово ќе поднесат Барање за субвенционирање на 100% од трошоците, но не повеќе од 3.000,00 денари *(три илјади денари)* по куче, за стерилизација на женка-куче со следната документација:

- ✓ Фотокопија од лична карта на сопственикот (како доказ дека има регистрирана адреса на живеење на територијата на општина Берово);
- ✓ Доказ дека кучето е регистрирано и чипирано (како доказ за сопственост на кучето – фотокопија од пасош);
- ✓ Потврда од Регистрирана ветеринарна установа за извршена стерилизација на кучето;
- ✓ Доказ за извршена уплата на средства, како и висината на трошоците за извршената стерилизација;
- ✓ Фотокопија од трансакциска сметка на сопственикот на кучето.
- ✓ Фотографија од кучето на кое е извршена стерилизација

Доколку барателот на субвенцијата е сопственик на повеќе женки-кучиња и на сите има направено стерилизација, истиот треба да поднесе онолку барања колку што има третирани кучиња, односно посебно барање за секое куче.

Член 6

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, врз основа на уредно и комплетно поднесено Барање, ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Берово.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-1229/1<br>
23.03.2023 година<br>
Б е р о в о

Совет на Општина Берово<br>
Претседател<br>
с.р.Марија Буровска